Macedonian - Заштита Писмата - Protection Scriptures

Еремија 1:18 Ете, денес те поставувам како утврден град, како железен столб, како бронзен ѕид против сета земја: против царевите и кнезовите јудејски, против свештениците и народот на оваа земја.

Езекиел 3:18 Кога ќе му речам на безбожникот: 'Ќе умреш', а ти не го опоменеш и не го одвратиш од неговиот лош пат за да му го спасиш животот, тој ќе умре за своето беззаконие, ама јас ќе барам од тебе сметка за неговата крв.

Еремија 6:27 „Те поставив за испитувач на Мојотнарод, за да ги сознаеш и испиташ неговите патишта.

Левит 26:19 Јас ќе ја скршам гордоста на вашата сила. Небото ќе го направам како железо, а вашата земја како бакар.

Второзаконие 23:5 Ама Господ, твојот Бог, не сакаше да го послуша Валаама, туку Господ, твојот Бог, го претвори проклетството во благослов, зашто Господ, твојот Бог те љуби.

Римјаните 12:21 Не оставај да те победи злото; туку победи го злото со добро!

Псалми 143:8,10 Соопшти ми ја наутро Твојата милост, зашто се надевам на Тебе. Покажи ми го патот по кој да тргнам, зашто ја вознесувам душата кон Тебе. 10 Научи ме да ја исполнувам Твојата волја, зашто Ти си мој Бог. Твојот благ Дух нека ме води по рамен пат!

Псалми 94:12 Блажен е човекот, кого Ти го поучуваш, Господи, и го учиш на Својот Закон:

Пословици 27:12 Умниот човек го забележува злото и се засолнува, а глупаците одат безгрижно и страдаат.

Филипјани 2:16 држејќи го цврсто словото на животот, за да имам со што да се фалам во Христовиот Ден, дека не трчав напразно и дека не се трудев напразно.

Исаија 49:4 А јас реков: 'Напразно се измачував, за ништо ја напрегнував силата. Сепак, моето право е во Господа, мојата награда е кај мојот Бог.'"

Псалми 76:3 Тој ги искрши таму: огнените стрели на лаковите, штитовите, мечевите, и оружјето бојно.

Евреите 13:21 да ве усоврши во секое добро за да ја извршувате Неговата волја, вршејќи го во нас она, што е угодно пред Него, преку Исуса Христа, Кому да биде слава во вечни векови. Амин!

1 Коринтјани 16:15 Уште, ве молам браќа, да знаете за Стефановиот дом, дека тој е ахајски првенец и дека тие се посветија да им служат на светите.

Филипјани 1:27 Само однесувајте се достојно за Христовото Евангелие, за да можам јас - било да дојдам и да ве видам, било да сум отсутен да чујам за вас, дека стоите цврсто во еден дух, дека еднодушно се борите заедно за верата на Евангелието,

1 Коринтјани 15:58 Затоа, мои возљубени браќа, бидете цврсти, непоколебливи, секогаш пребогати во Господовото дело, знаејќи дека вашиот труд во Господа не е напразен.

Колосјани 4:12 Ве поздравува вашиот сонародник Епафрас, слуга на Христа Исуса, кој секогаш се бори за вас во молитви, за да стоите совршени и наполно уверени во целата Божја волја.

2 Цареви 19:34 Ќе го штитам овој град, ќе го спасам, заради Себе и заради Својот слуга Давид."

Еремија 15:20,21 Ќе направам од тебе за овој народ ѕид од бронза, непреземлив. Ќе се борат против тебе, но нема да те надвладеат зашто Јас Сум со тебе, за да те спасам и за да те избавам - зборува Господ. 21 Ќе те избавам од рацете на злосторниците и ќе те откупам од рацете на силниците."

Псалми 55:18 Ќе ми даде мир од оние што ме гонат: зашто се мнозина против мене.

Езекиел 30:24 Ќе му ги зајакнам рацете на вавилонскиот цар и ќе го ставам Својот меч во неговата рака; а на фараонот ќе му ги скршам рацете, та ќе офка пред непријателот како ранет.

Откровение 3:18 Те советувам да купиш од Мене злато, пречистено во оган, за да се збогатиш; и бели облеки, за да се облечеш и да не се појави срамотата на твојата голота; и очна маст, за да ги намачкаш своите очи, за да гледаш.

1 Јован 3:17 А кој има светски блага и го види брата си во немаштина, па го затвори своето срце кон него, како ќе остане Божјата љубов во него?

Исаија 50:4 „Господ Господ ми даде вешт јазик за да знам да ги закрепнувам уморните со зборови. Секое утро Тој ми го буди увото за да го чујам како учениците.

Псалми 18:39 Зашто Ти ме препаша со сила за бој; ги отстрани пред мене, оние што стануваат против мене.

2 Самуил 22:40 Ти ме опаша со сила за борба, а моите противници ми ги подложи мене.

Псалми 89:43 Ја затапи острицата на неговиот меч, не му помогна во

бојот.

Езекиел 13:6 Нивните привиди се суетни, и лажни се нивните пророкувања. Зборуваат: 'Господово слово!' - а Господ не ги испратил. И уште чекаат дека ќе им се исполнат зборовите.

Левит 26:37 Ќе се сопнуваат еден од друг како кога се бега пред меч, иако никој нема да ги гони. Не ќе се одржите пред вашите душмани;

1 Коринтјани 14:8 Ако трубата дава неопределен звук, кој ќе се подготвува за бој?

Јов 15:24 Немир и неволја го заплашуваат, се нафрлаат врз него, како цар приготвен за бој.

1 Летописи 12:8 Некои Гадовци преминаа кон Давида во тврдината во пустината, храбри јунаци, воини, вешти на бој, вооружени со штит и со копје; лицата им беа како лавски, а беа брзи како срни по горите:

1 Летописи 12:33,38 Од Завулоновите синови, способни за војна и вооружени за бој со секакво бојно оружје, педесет илјади, кои со смело срце се подредија во бојни редови. 38 Сите тие војници, подредени во бојни редови, дојдоа со чесно срце во Хеврон за да го зацарат Давида над сиот Израел; и сите други Израелци беа еднодушни за да го постават Давида за цар.

Лука 10:19 Ете, ви давам власт да газите на змии и на скорпии и над секоја непријателска сила, и ништо нема да ви напакости.

2 Коринтјани 7:10 Зашто, жалоста по Бога донесува покајание за спасение - за кое не се кае, а жалоста на светов донесува смрт.

2 Тимотеј 2:25,26 да ги воспитува со кротост оние кои се противат, та не би ли им дал Бог покајание, за полно познавање на вистината, 26 за да се отрезнат од мрежата на ѓаволот, кој ги заробил за да ја исполнуваат неговата волја.

Неемија 4:15 Но поранешните управители, моите претходници, го угнетуваа народот: секој ден земаа од него по четириесет сикли сребро за леб и вино; и нивните слуги го угнетуваа народот. А јас никогаш не правев така, заради Божјиот страв.

Псалми 73:24 ќе ме водиш според Твојот совет, за да ме земеш потоа во Својата слава.

Pastor T. John Franklin
Church of Salvation, Healing, and Deliverance
COS-HAD.org